Јонче ЈОСИФОВСКИ

# ДУХОВНИОТ ХОРИЗОНТ НА КАРЛ МАРКС

По мое мислење Карл Маркс е пред сè творец во областа на духот, тој е примерно теоретичар (од θεωρία, на грчки значи гледање што е насочено кон она суштинското, општото и нужното, научното и филозофското, а со тоа и интелектуалец или идеолог во изворната смисла на овој збор (ἰδέα, на грчки слика, лик, но пак во областа на она ноетичното, или латински интелигибилното, духовното). За тоа сведочи неговото дело, а во прв ред „Капиталот", труд што спаѓа во епохалните достигања на човечкиот дух кој бездруго може да се споредува наедно со списот на Коперник „За движењата на небеските тела", со Њутновите „Математички принципи на филозофијата на природата", Дарвиновото „Потекло на видовите" и Ајнштајновиот труд за специјалната и за општата теорија на релативитетот. Општопознато е и општоприфатено дека Маркс на полето на човечкиот дух ги достигнал хималајските врвови.

Јас нарочно ја употребувам оваа сликовита реченица, зашто самиот Маркс работата во областа на науката (земајќи го овој збор во пошироката смисла) ја споредуваше со еден вид искачување по стрмен, нагорничен, каменит, трнлив и воопшто тежок пат по кој треба да се врви ако се сака да се постигне каков-годе успех, а уште повеќе резултат од епохално значење. Споредете го во оваа смисла предговорот кон француското издание на „Капиталот" кој основачот на научниот социјализам го напиша на француски јазик. Таму тој на оние што се поплачувале дека „Капиталот" (првиот том и единствен издаден од самиот Маркс) бил пишуван на „неразбирлив", тежок стручен јазик, им одвратил дека се трудел колку што му било можно да го направи делото што поразбирливо за работниците, но дека во тоа одел сè до границата до која не се засега научниот израз. Во врска со тоа Маркс ја парафразира значајната познатата анегдота во која се раскажува за една случка настаната меѓу бележитиот антички астроном Птолемеј кога тој на хеленистичкиот египетски владетел му го објаснувал својот геоцентрички систем на изградбата на космосот. Овој, мислам

царот, побарал мошне комплкуван систем да му го изложи поразбирливо или, како што велиме ние, популарно. Како Птолемеј на царот, така и Маркс на критичарите им одговорил: „Нема царски пат за на кај науката и само оние имаат шанса да се искачат на нејзините сјајни врвови кои не се плашат да не се заморат катерејќи се по нејзините стрмни врвици"[1]).

Маркс несомнено покажал бестрашност — не се плашел да се катери по стрмните врвици што водат кон сјајните височини на науката. Тој буквално на себеси го испитал она грчкото χαλεπὰ σὰ καλά, дека се тешкодостапни убавите нешта, или во латинската варијанта она per aspera ad astra,, дека е трнлив патот кон ѕвездите. Затоа, пак, тој се искачи не само на највисоките врвови од науката, туку и го создаде „Капиталот", кој, според зборовите на народникот Михајловски што ги приведува Ленин, претставува „Мон Блан од факти овенчан со неколку врвови". Врвовите што ги достигна Маркс им се достапни и, би се рекло, резервирани само на гении. Оттука може да биде интересно да се каже некој збор повеќе за тоа како овој голем дух се образуваше, како се оспособуваше за да тргне по стрмните врвици на науката, за да се осмели на ова катерење достојно за античките титани. Тоа, мислам најдобро ќе го покаже и неговиот духовен хоризонт.

Во процесот на формирањето на лугето, познато е, решителни се два фактора: надареноста, природните заложби, талентот, од една страна, и образованието што наследниот материјал го обликува, т.е. го претвора од можност во стварност, од друга страна. Образованието, пак, од своја страна, има две компоненти кои условно ќе ги наречеме образование од надвор и образование однатре, или образование во потесната смисла и самообразование. Кога станува збор за Маркс, дека имал генијални заложби, тоа било на показ уште од неговите детски години. Во едно писмо татко му вели дека тој, Карл Маркс, располагал со „сјајни природни дарби", а мајка му, како што вели Франц Меринг, авторот на првата опстојна биографија на Маркс својот син го нарекувала „среќник на кого сè му поаѓало од рака", Стариот Маркс гледал некој „демон" во душата на малиот Карл од кој го фаќало страв, бидејќи надоумувал дали е овој демон од „небеска" или ‚фаустовска" природа[2]).

Колку за образованието на Маркс, карактеристично е што Меринг во укажаната биографија обрнува внимание на најскапоцениот дар што татко му му го дал на својт син, Карл, имено „граѓанското образование", кое толку многу ќе содејствува да се ослободи оној „демон" за кој станува збор. Значи, треба да се види какво било ова „буржоаско воспитание"[3]).

---

[1]) Karl Marks, *Kapital*, I—III. Beograd, GIGZ, 1971, 26.
[2]) Franc Mering, *Karl Marks*, Beograd „Kultura", 1958, 18.
[3]) Ibid.

Податоци за тоа како семејството на Маркс воздејствувало на неговото воспитание нема. Меѓутоа, ние можеме да насетуваме како живееле и какво воспитание можеле да му дадат на својот син таткото Hainrih (Hiršel) Маркс и мајката на Карл Хенриета, по моминско презиме Пресбург. Хајнрих Маркс бил адвокат, мошне ценет во својата струка и со широко пруски поданичко, но сепак просветителски-либерално однесување. Тој бил поклоник на Волтер, Русо и Лесинг. Несомнено е дека религијата и религиозното воспитание играле голема улога во животот и во сфаќањата на ова семејство па не е без големо значење фактот дека родителите на Маркс биле Евреи па значи, воспитани во духот на еврејската религија што не можело а да не се изрази и на нивниот подоцна толку славен син Карл. Бездруго е значајно дека Хајнрих Маркс примил протестантско христијанско вероисповедание кон 1816 или 1917 година, но неговите деца биле крстени во 1824 а мајката во 1826 година. Ова укажува дека раното воспитание на Карл Маркс било во духот на еврејската религија, на Стариот завет од Библијата и другите еврејски свети книги. Во врска со ова би требало да се потцрта рабинистичката традиција на обата родители, Хајнирих и Хенриета Маркс. Нивните предци дале многу истакнати рабиничии колена идат назад до XV век.

За воведување во учењето на еврејската религија се барало голем духовен напор кај децата. Морало да се учи хебрејски јазик на кој светите книги се напишани а Евреите во Германија говореле германски па тоа барало големо напрегање на силите, способност да се учи, да се паметат не само зборови, реченици и поголеми целини, туку и правила на синтаксата и воопшто граматиката и нивната примена на одделни случаи. Воопшто учењето на староеврејскиот јазик бездруго послужило како одличен тренинг за интелектуално вежбање, прекалување на умствените сили и развивање на заложбите кај малиот Карл. Од друга страна воведувањето во содржината на „светите" списи не давало самониту толку религиозно воспитание и образование, туку и пред сè запознавање со значајни споменици на културата од непроценливо историско, филозофско, литературно (уметничко) и општокултурно значење. Во Библијата ,Талмудот и другите текстови важни за еврејската религија се пластела и собирала мудроста и искуството на генерациите од стотици години, нивната способност за уметничко обликување на речта за доживување на светот, сфаќањата за животот на поединците и однесувањето во заедницата, нивните идеали, мечтаења, занеси и патила. Згора на тоа верниците и особено нивните водачи морале, освен одлично познавање на текстовите, да пројават и способност моралните, правни и други прописи одржани во „светите" книги да ги применуваат во секојдневната практика, на одделните случки од животот на поединците и заедницата што барала способност за логичко изведување, способ-

ност да се мисли, домислува, подредува и изведува. Сето тоа барало развивање на „сивата материја" што несомнено дошло на показ кај таткото и, во каде-каде поголема мерка, кај синот.

Фактот дека кон ова Хајнрих Маркс го придодал деистичкото сфаќање за „чистото верување во бога" и дека преминот во протестантизам му дал „влезен билет во европската култура", иако практично бил принуден на овој чекор, имал секако далекосежно значење во проширувањето на духовниот хоризонт на малиот Карл. Протестантизмот повеќе се потпира на Стариот завет од Библијата што на христијаните им е заеднички со еврејските верници. Од друга страна, оваа христијанска вероисповед давала повеќе можност за прифаќање на просветителските идеи. Кога на тоа ќе се земе дека таткото располагал со солидно универзитетско образование потребно за здобивање со адвокатура, станува јасно дека тој имал што да му пренесе на својот син за овој да го совлада „демонскиот" дух, да го скроти и да го култивира.

Овдека му е местото да се каже збор-два во една своевидна одбрана на догматизмот. Зборот догматизам, а од него и догматичар, догматски и сл. мошне често, ако не и редовно, се употребува да се означи скожурчена и неоригинална мисла. согласување со некое учење, сакало било религиско, идеолошко политичко или научно без каква да е критичност, без творечки пристап, без резерви, сомневање или ограничување. Догматичари испаѓаат луѓе површни, фанатизирани, кој авторитетот на учењето и неговите творци, кои често имаат натприродно потекло, го ставаат пред авторитетот на вистината и личните способност со научна методологија да се открива оваа од фактите. Догматичари се во секојдневниот наш жаргон и луѓе кои мрзливоста на духот и неспособноста за интелектуално творештво ја затскриваат зад откинати фрази, употребуваат излитени изрази, преџвакуваат многукратно плиткости и се служат со т.н. популарни извори за усвојување и излагање на некое учење. Во оваа смисла меѓу марксистите се забележува стремеж да го обележуваат со догматско еден стерилен, редуциран, шематски пристап кон учењето на Маркс. Овој „марксизам" би можел да се нарече марксизам по наслушнување, служејќи се со терминологијата на Спиноза.

Всушност догматичарите се луѓе кои од религиски, идеолошки и други причини се приврзаници на определено учење изложено во „свети" и други книги кои се сметаат за врвни авторитети во поглед на одговорот на прашања што имаат големо значење за животот, а на кои се одговара повикувајќи се на текстовите или искажувањата на авторитетите признаени за такви. Овие морале да ги запознаваат изворите на доктрините на текстовите пишувани на јазици какви што се староеврејскиот, арапскиот, санскритскиот итн., да ги запознаваат до под-

робности, да ги заучуваат и да ги повторуваат, да вложат големи усилби во кои доаѓало до израз не само способноста да се памти, туку и да се споредуваат разни места, да се толкуваат, врз основа на нив да се изведуваат правилни или, подобро речено, допуштени одговори на прашањата што во секојдневниот живот и однесување се наметнувале. Оттаму догматичарите морале да владеат и со вештината на формалното, т.е. логичкото изведување, даројават итрост, снаодливост, извежбаност слична на онаа на добриот адвокат, политичар, па и научник во извесна мера. Оттаму големите догматичари во разните религии (еврејската, христијанската, муслиманската итн.) се образовани луѓе кои ја познаваат својата религиозна „наука" на оригинал (во прашање е „свет" збор), ја почитуваат и се воскитуваат од неа, убедени се во нејзината „вистина" и се способни да ја бранат (апологети), да ја шират, да се трудат околу неа и да го пренесуваат учењето на другите. Тука е на дело голема образованост, макар и еднострана. Се работи за значајни учења кои се потпираат на пишувани извори од огромно културно-историско значење, со кондензирано искуство на вековите и со содржини што се однесуваат до мудрост собирана со векови а сето тоа обично изразено со висок уметнички израз. Нашите „догматичари" не се ни сенка на она што значи догматичар во вистинската смисла на зборот инаку би го знаеле „науст" делото на својот учител, би го читале на оригинал, би се замислувале над секој збор, над секој обрт речовен, над секоја мисла негова. Тие со „марксизмот" се китат како страчката — со туѓо шарено перје. А пак да одат понатаму, отаде Маркс, т.е. критички да му пристапат и мислејќи со неговиот концептуален апарат и изучувајќи ја новата стварност со методот на Маркс, т.е. со материјалистичката дијалектика, за тоа не може да стане збор кај овие боежем марксисти. Тие поради тоа и не се служат со аргументација во споровите, туку со насилство, со закана, со петелење, со предизвикувачки и одвратен показ на *неученото* незнаење, на глупоста која се напиња до пукнувачка да се покаже умна. Од навидум умната глупост нема спас во областа на духот, во рационални, цивилизирани средства. За други пак науката и филозофијата не знае. Оттаму нивната привремена немоќ и бесилие.

Меѓутоа, да се вратиме на нашата тема. Духовниот хоризонт на Маркс значително се проширил со неговото стапување во „Гимназијата Фридрих Вилхелм" 1830 година. Директорот на гимназијата, Витенбах, бил кантијанец и либерал. Може да се замисли дека тој секако укажал влијание на својот ученик. Во оваа школска установа, која била на образовното рамниште на времето, во вишите класови се учело: латински, грчки, германски, хебрејски, француски, математика, физика, историја. Во матурското сведителство, како што вели Меринг, „се истакнува дека Карл Маркс умее да преведува и да ги објаснува и најтешки-

те места (од класичните автори — Ј. Ј.) чии тешкотии се состојат не толку во јазичните особености, колку во содржината и логичката врска меѓу одделните мисли“[4]). Се гледа дека нашиов мислител се здобил со солидно класично образование, со познавање на стари и модерни јазици, со историја и природни науки па оттаму и со основните претпоставки за успешно следење на универзитетската настава, за студирање. „Кај Маркс за да се развие восхитот кон грчкиот јазик што никогаш не престанал“ како што вели Меринг, суштествено придонел Лудвиг фон Вестфален кого Маркс во својата докторска дисертација што нему му ја посвети, го нарече„ скап татковски пријател“. Овој одлично знаел старогрчки и рецитирал напамет цели пеења од „Илијадата“. Исто така „скапиот татковски пријател“ ги кажувал драмите на Шекспир во оригинал и германски познавање на стари и модерни јазици, со историја и природни науки па оттаму и со основните претпоставки за успешно следење на универзитетската настава, за *студирање*. „Кај Маркс за да се развие восхитот кон грчкиот јазик што никогаш не престанал“ како што вели Меринг, суштествено придонел стапревод. Уште позначаен е податокот што ни го даде Лафарг дека Маркс секоја година го читал Есхил на старогрчкиот оригинал. Меринг по овој случај вели дека Маркс на своите стари Грци им останал секогаш верен и беше готов да ги изгони со бич од храмот (т.е. од пролетерската организација — Ј. Ј.) оние палежни луѓе што сакаа да ги одбијат работниците од античката култура“[5]). Над ова место треба замислување, зашто кај нас од „античката литература“ не се одбиени само работниците, кои немаат абер за неа ,туку и оние што се нарекуваат ученици и студенти, постдипломници и докторанти, сите што по професија треба да се интелектуалци и, по дефиниција, да се занимаваат со наука, уметност и филозофија, да влезат во храмот на образованоста и да ѝ се посветат за цел живот на духовната култура. Класичното образование кај нас одамна се смета за „застарено“, за непотребен луксуз, тоа им е жртвувано на разноразните „современи“ предмети кои често немаат врска со образованоста. За тоа дека културата, особено онаа што е *античка (антика*, и во народниот наш говор македонски значи културна придобивка со вредност, таква што не одминува, што и нам современиците ни претставува образец недостижен) може да биде од сѐ посовремено нашите прагматски глави, позитивисти што сѐ буквално сфаќаат, кои парадоксот на *античноста* (старо што е најсовремено) не можат ни да си го смислат а каде ли да се воодушеват од него, никако не размислуваат!

Меѓутоа, мене овдека ме интересира: зошто Маркс секоја година го препрочитувал Есхил на оригинал? Во врска со ова мексичкиот марксист Лудовико Силва вели:

---

[4]) Ibid.
[5]) Op. cit., 497.

„Влијанието на класичното образование на формирањето на Марксовиот литературен стил е несомнено. Инаку, таквото образование станува нецелесообразно ако се сведе на ерудиција или ако преземе улога на божем вечните „узори"; тоа станува корисно само ако се употреби онака како што тоа го стори Маркс: развивајќи спонтана склоност кон усовршувањето на изразот и кон неговото мазнење"[6]). Ова мислење, ако ништо друго, е мошне еднострано. Тоа не укажува ни од далеку на она најважното во читањето на славните трагедии на Есхил на старогрчки што го практикуваше Маркс. Имено, покрај ненадминатиот стилски и воопшто уметнички образец, драмите на Есхил, и воопшто старогрчката литература, се показ на тоа како човечкиот ум, и пошироко земено, човечкиот дух дејствува кога ќе се извиши на врвните точки од својата творечка зрелост, на тоа како е на дело логиката на неговиот јазик, логосот кој е и реч и ум заедно, до кои длабини на размислата и нејзиното расчленување, обликување и преобликување дошол овој ум, овој дух. Зашто старогрчкиот јазик е пречистен израз на полофоничноста на мислата и во значењето на одделните зборови негови и во смислата на нивните споеви, и во лексиката, и во морфологијата, и во синтаксата, и во поетиката. Овдека значењата на зборовите се многубројни, изразните средства, на пример, партиципите, инфинитивите, и воопшто глаголскиот систем, се речиси безгранични. Пред старогрчкиот текст човек е секогаш како пред некоја загатка, пред потребата да се решава не само за содржинската страна, туку уште повеќе и пред нужноста да се одгатнува особеноста на изразот и воопшто да се продира во логиката на текстот. Читајќи го Есхил, Маркс го острел својот духовен инструментариј, го полирал, го усовршувал. На старогрчкиот јазик се учи како работите да се зафаќаат сестрано, полидимензијално, како да се проникнува не само во објективната смисла на зборот, туку и да се доловува нивната хуманистичка порака. Лекарот што знае старогрчки, ќе научибдека да се биде *терапеут*, не значи само да се лекува болен, туку пред сè дека во врска со тоа се бара прочитување, грижење, човечко однесување, поставување кон страдалникот како со другар. Нешто повеќе, овој грчки збор содржи цела една лекарска етика и воопшто филозофија на овој толку важен позив па оттаму и укажување на тоа како да се надмине една нечовечка, наполно отуѓена, недостојна не само за привржаниците на социјализмот и на комунизмот, туку и за секој човек, состојба во која можат да се најдат и лекарот и пациентот (оној страдалникот ,трпежникот) ако заборават на примарниот однос во кој тие се нашле еден кон друг, однос на човек кон човек, ако лекарот не е загрижен за судбината на

---

[6]) Ludoviko Silva, *Marksov književni stil*. Beograd, „Vuk Karadžić", 1978, 29.

својот ближен. ако страдалникот не го зема повеќе како цел, туку како средство, зборувајќи со терминологијата на славниот германски филозоф Кант.

А зарем знаењето на латинскиот јазик не ја открива содржината на клучниот поим на приврзаниците на марксизмот изразен со терминот *социјализам?* Зафучени по „совладувањето на природата“, и по создавањето материјалната основа на социјализмот, а оттаму и на комунизмот, приврзаниците на социјализмот не се замислуваат на тоа дека овој збор социјализам произлегува од лаинскиот *socius*, што значи другар, пријател, соработник, па според тоа дека социјализам значи општество на луѓе пријатели, другари, што заемно си помагаат, се поддржуваат, се ценат, почитуваат итн., т.е. постапуваат како луѓе, дека е тоа она суштественото за социјализмот, а „совладувањето на природата“, создавањето материјалната основа на социјализмот е само средство за остварување на оваа мечта на сите луѓе од минатото и сегашнината задрижени за судбината на луѓето. Кога ова би го знаеле многумина што се нарекуваат социјалисти би се посрамотиле од своите постапки и би почувствувале грижа на совеста и тоа колку незаслужено се нарекуваат социјалисти. Можеби тоа би им помогнало да станат подобри.

Нема сомневање дека барањето на Маркс сестрано развиени личности кај кои се надминал фахидиотизмот, т.е. ограниченоста на луѓе жртви на тесната специјализираност доаѓа, покрај другото, и од неговото класично образование со кое се здобил во средното училиште.

Овдека доаѓаме до една противречност што навидум боде очи. Кога го зборувам ова, мислам пред сè на патемните мисли на Маркс што ги искажа за т.н. политехничко образование, или, како што Маркс вели за „поврзување на производната работа со наставата“. Во врска со ова ќе цитирам две најпознати места кај Маркс: Така тој вели: „Од *фабричкиот систем* изникна, како тоа во подробности можеме да го проследиме кај Роберт Овен, никулецот на *воспитанието на иднината*, кој за сите деца над извесна возраст бара да се спои *производниот труд со наставата и гимнастиката,* и тоа не само како метод за наголемување на производството, туку и како метод за произведување сестрано развиени луѓе“[7]).

Оваа мисла се повторува и во „Критиката на Готската програма“ каде што се зборува за тоа дека „раното поврзување на производниот труд со наставата е едно од најмоќните средства за преобразба на денешното општество“[8]).

---

[7]) Karl Marks, op. cit., 350.

[8]) Карл Маркс, *Критика на Готската програма,* Скопје, „Култура“, 1974, 39.

Оваа мисла Маркс ја развива и варира и на други места, барајќи политехничко образование, запознавање со производниот процес во целост, а и во неговите најважни одделни страни, со што би се добило лесно преминување од еден вид работа на друг со што би се избегнала здодевноста и би ја правело работата привлечна и интересна. Не можејќи поподробно да навлеземе во оваа проблематика од гледиштето на современоста ,ќе го нагласиме само следново. Веќе е укажано и од други наши автори дека едностаното и непромислено бркање на поимот производствен труд со физичка работа може да доведе, а во нашата образовна практика веќе и доведе, до последици кои скапо ќе ја чинат нашава заедница и кои ќе се чувствуваат долга низа години. Како и да е. Овдека Маркс е несомнено под влијанието на утопистичкиот социјалист Роберт Овен и неговите познати експерименти за социјалистичка организација на фабричкото производство и воспитанието на работничките деца во првата половина на XIX век. Од друга страна, Маркс, пак, во согласност со социјалистичката визија, настојува да покаже како би можело да се дојде до надминување на поделбата на трудот, тој инсистира на неопходноста од превозмогнување на тесната социјализација (фахидиотизмот) и во врска со тоа бара изградба на сестрано развиена личност а со тоа работата од здодевна, заморна, тешка и принудна обврска без која не може да се дојде до средства за живот, да стане толку привлечна, толку лесна и игрива што да се претвори во животна цел, во потреба без која не е можен животот на секој поединец.

Денес, стеснувањето на работниот ден и проширувањето на слободното време (невртката) не е само придобивка, туку и императив на модерното производство кое од работникот бара се поголеми умствени напрегања па и поради тоа и тие да се сè пообразованиОттука иде т.н. експлозија на образованието. Науката и производството сè повеќе се здружуваат и уделот на физичката работа станува сè помал. Науката станува производна сила. Модерните фабрики сè повеќе се автоматизираат а научно-истражувачките служби имаат сè порешавачка улога. Може да се рече дека модерните претпријатија сè повеќе прилегаат на научни лаборатории, а модерните лаборатории сè повеќе стануваат еден вид фабрики. Затоа е јасно дека производниот труд никако не може да се сведе на физички труд. Грубото „насочување" кое, мошне примитивно ја изразува оваа фундаментална заблуда, имено сведување на производниот труд на физичкиот труд, произлегува од упростувачкото одделување одделни искажувања на Маркс, нивно непромислено површно

толкување и неспособност да се согледа дека од времето на Маркс во производството имаат настанато повеќе револуционерни промени со далекусежни последици и на карактерот на трудот.

Поради сето ова не е чудно дека сите обиди да се спои образованието со „непосредното производство" се претвораа во губење време и средства и во деградација како на образованието така и на производството. Образованието не може да се индустријализира а школските установи не можат да се претворат во своеобразни фабрики (центри) во кои масовно ќе се произведуваат луѓе за вакви или такви занимања. И, најпосле, запознавањето со најважните процеси на трудот (тоа е идејата заполитехничкото образование) значи запознавање со производниот процес воопшто па и таа противречи на „насоченоста", Поради карактерот пак на современото производство, производство од епохата на научно-техничката револуција, политехничката револуција, политехничкото образование не може да се остварува во „непосредното производство", кое е нужно парцијализирано, „монотехничко", туку само во специјални лаборатории. А и тоа би барало, парадоксално, специјализација, т.е. изучување на технологијата и како нејзиното *техне* дејствува.

Како и да е, Маркс, ми се чини, за негова и за наша среќа, не ги испитал благодетите на „воспитанието на иднината" грубо сфатено како „насочено образование". Откако завршил средно образование тој студирал право, историја, филозофија и се занимавал со поезија — пишувал стихотворби, епиграми и нешто како роман и драма. Тој минал низ големите учења на Кант, Хифте и Шелинг, за потоа да стане привврзаник на Хегел и на младохегелијанците. За време на студирањето се здобива со огромна работоспособност. Тој „голта книги како машина"[9]). Руге, со кого Маркс ги редактирал „Германско-француските годишници", вели дека неговата способност да чита била „океан без дно"[10]). Хегел го прочитал за време на некоја своја болест „од почеток до крај со многу негови ученици". Што значи, ова може да се сфати кога ќе се има предвид дека Ленин читањето на Хегел го проследува во „Филозофските тетратки" со поплакот „Болит голова"! За Маркса лектирата на Хегел била средство, би се рекло, за лекување! Интересно е и тоа дека Маркс го проучувал и Аристотел и тоа во врска со Хегел и Тренделенбурговите „Логички истражувања". Дисертацијата му е од областа на старогрчката филозофија. На универзитетот ги проучува и грчката и римската митологија, хомеровското прашање, историјата на современата уметност. Сака да стане поет, но освен обидите за тоа ништо не излегло.

[9]) Cit. spored Ludoviko Silva, op. cit., 28.
[10]) Ibid.

Сепак нему и ова занимавање со поезија ќе му влезе во општиот образовен фонд, па тоа ќе му бидево извесна смисла онака добредојдено како на прославениот Ајнштајн свирењето на виолина.

Така, бегло назначено, Маркс се искачувал по стрмните врвици на научното творештво како некој Едмунд Хилари на своето време и со напор рамен на овој прв освојувач на најголемиот врв на Хималаите. За тој подвиг Маркс се подготвувал здобивајќи се со општа култура, учејќи јазици, математика, филозофија, логика, историја на уметноста и практикувајќи уметност, накусо тој се образувал онака како што денес се образуваат младите луѓе во суперсколите за врвно надарени млади луѓе како во САД така и во СССР и други земји во светот од кои излегуваат кадри на науката способни за врвно научно творештво и примена на научните резултати за целите на современото производство.Маркс е трудбеник кој се трудел во најважната област на човечкото производство, во областа на научното творештво. Никаква специјализација ни во средното училиште, ни на универзитетот. Тој се здобивал не толку со знаеја, колку со *знаења како да произведи знаење*, со инструментите за произведување на знаење и со она што ја вежбало а и со тоа ја развивало неговата огромна способност за да твори. Така тој можел да и се посвети на која и да е специјалност која образувајќи се во гимназијата и на универзитетот дури не ја ни запознал, па, кога приликите го барале тоа, станал економист и тоа таков што имено во оваа област, во областа на политичката економија достигнал ѕвездена височина. Повторувам, ова Маркс можел да го постигне, зашто бил восхитен од духот на *гимназијата*, што изворно на старогрчки значи вежбалиште (од γυμνός, гол) во борење каде борачите настапувале голи, бидејќи морале да се мачкат со масло, вежбалиште кое потоа станало место за борба во областа на духовното творештво, за натпревар во правење подвизи навистина достојни за човекот што сака да се добие со божествена сила со која не само ќе ја завладее" природата, туку ќе се здобие со сила достојна на боговите — неа да ја хуманизира, а себеси да се натурализира. Потоа иде универзитетското образование кое е навистина *универзитетско (од univerzitas*, заедништво, целосност, општост), отаде сестрано и автономно. Ни трага од „насоченост", од еднострапчивост, од фахидиотизам!

Во случајот на Маркс сјајниот талент плус извонредното воспитание и образование со кое се здобил во семејството, во гимназијата и на универзитетот а кое понатаму продолжило во перманентно, упорно самообразование и во научна и општествено-политичка дејност, ни дадоа не само епохален научник, туку

---

[11]) Cit. spored Maximilien Rubel, *Kronika Marxova života.* Zagreb, „Školska knjiga", 1976, 15.

и творец на историското движење што е поврзано со неговото име, ангажирана личност во решителните битки на современиот не само негово, туку и наше кои од темел ќе го разниша старото класно општество и со тоа ќе придонесе повеќе од кој и да е човек да се назначат практички можности и да се отворат перспективи за создавање на навистина хумано општество како што го замислуваа од крај век најдобрите синови на човештвото. Искачен на снежнобелите, зашеметувачки врвови, тој можеше да гледа подалеку, да проникнува подлабоко од сите негови соработници и пријатели во она што се случува и може да се збидне, од минатото тој црпеше мудрост за да ја разбере својата сегашнина и за да фрли продорен, сеопфатен взор во иднината за со тоа да може да ги назначи патиштата по кои треба човештвото да врви за да дојде до ветената земја на сеопштото другарство, заедништво, т.е. до социјализмот и комунизмот.

Уште поважно е во оваа згода да се потцрта дека врвицата нагорничава и каменеста што ја измина Маркс е пат по кој треба да тргне секој оној што науката, филозофијата или уметноста ги избрал за свој животен позив. До каде ќе се стаса, на каква височинка ќе се искачи — тоа зависи не само од дарбата, туку и од воспитанието и образованието, од извежбаноста и решеноста да не се жали труд, мака, напрегање и леење пот какви не познава ниедна дејност што е сврзана со физички напор. Во науката нема и не може да има ограничен работен ден, нема крајнеделници и годишни одмори, нема мирен сон и спокојна починка. И кога спие, „сивата материја" е на дело, и кога се гимнастички тоа е заради она men ssana in corpore sano. Деецот во областа на духот бдее во глува доба како Марко Крале на „Стерна" од Блаже Конески, кој загрижен да не би стерната да се отне, додека сите спијат, е на штрек, како ајдут на пусија. Само што неговите стерни се од поинаков материјал. Овој „расејан професор" станува показ на сестрано развиениот човек и како тој може да се реализира. Маркс ни помага да сфатиме дека груба, тешка, фатална заблуда е да се смета интелектуалниот труд за лесен и паразитски, дека образованието може да биде „насочено" индустријализирано, во служба на „непосредното производство". Тоа се апсурди несовместиви со самоуправувањето, а уште повеќе ако е тоа социјалистичко, неспоиви со современото модерно производство во кое науката е непосредна производна сила.

Jonche JOSIFOVSKI

## SPIRITUAL VIEWS OF KARL MARX

Summary

The author begins with Marx's introduction to the French edition of the firts volume of Capital where the father of Marxism writes on the difficulties of scientific research. From this beginng one can see how Marx's qualities evolved as a scientist from his early schooling and throughout his atudent life. The author places an emphasis on Marx's ingenious talent which developed at home, at school and at the University under auspicious conditions. Marx acquired a habit for working which provided him with the necessary energies to explore new horizons in the area of philosophy.